До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање на мислење со кое се бара мислење дали директорката на агенција се наоѓа во состојба на судир на интереси во ситуација кога невладината организација во којашто работела до 2013 година, а каде работното место и е ставено во мирување, се јавува како апликант на проект финансиран од страна на самата агенција.

Имено, дали директорката треба да овласти друго лице од редот на вработените да го потпише решението за дадената проектна апликација и останатата документација која се однесува за истата, како и тоа дали при овластување на лицето истото треба да се потпише во свое име со звањето согласно решението за вработување и дали ќе биде доволно директорката да достави службена белешка за конфликт на интереси до архивата на агенцијата.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ“, бр. 12/19), го издава следново:

## М И С Л Е Њ Е

Државната комисија извести дека, согласно член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во конкретната ситуација **постои судир на интереси**.

Имено, во постапката за доделување на грант на проектна апликација, директорката на агенцијата не е доволно само да постапува согласно Водичот на Националните агенции и Програмски водич за Еразмус+, па затоа Државната комисија укажува на тоа дека, истата треба да постапува согласно член 72 став 1, член 73 и член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и тоа:

**Член 72**

1. Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

**Член 73**

1. Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.
2. Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, е должно тоа да го констатира и внесе во записник.

3. Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон.

**Член 75**

1. Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.

Согласно начелото на интегритет, секое службено лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични , семејни, верски, партиски и етнички интереси.

Во конкретниот случај, директорката на агенцијата треба да се изземе од целосното постапување по предмет во кој има судир на интереси или потенцијален судир на интереси, вклучувајќи го и потпишувањето на документи што се во врска со одлучувањето по тој предмет.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА
КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**